Врз основа на член 10 став (4) од Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ___________ 2026 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА РАНЛИВИ ПОТРОШУВАЧИ НА ЕНЕРГИЈА ЗА 2026 ГОДИНА

Член 1

Со оваа програма се утврдуваат:

1) потрошувачите кои спаѓаат во категорија на ранливи потрошувачи, вклучително и прецизно определување на состојбата на енергетска сиромаштија;
2) мерките што треба да се преземат за заштита на ранливите потрошувачи на енергија, вклучувајќи субвенции за потрошувачка на енергија наменети за домаќинствата кои не се предвидени со програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија согласно прописите за социјална заштита;
3) мерките за заштеда на енергијата и подобрување на енергетската ефикасност;
4) начинот на спроведување на мерките и надлежните органи одговорни за нивно спроведување;
5) мерките што ги преземаат операторите на системите за дистрибуција на енергија;
6) мерките што треба да ги презема снабдувачот со обврска за обезбедување на јавна услуга, односно универзална услуга во снабдувањето со енергија и
7) потребните средства и извори за финансирање.

Член 2

(1) Корисници на оваа програма се потрошувачи на енергија коишто спаѓаат во категоријата на ранливи потрошувачи на енергија.
(2) Ранлив потрошувач е лице или домаќинство:
1. коешто користи гарантирана минимална помош и остварува паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството во согласност со член 42 од Законот за социјалната заштита и старите лица согласно член 7 од Законот за социјална сигурност за старите лица;
2. со едно или повеќе лица со попреченост со тешка или длабока интелектуална попреченост, со најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице и потполно глуво лице, корисници на посебен надоместок заради попреченост со навршени 26 години возраст, а без оглед на старосната возраст, согласно член 44 од Законот за социјалната заштита, чиј вкупен нето доход кој подлежи на оданочување на месечно ниво согласно Законот за данокот на личен доход на членовите на домаќинството во 2025 година не го надминувал износот од:

- 30.000,00 денари за едночлено домаќинство,
- 45.000, 00 денари за домаќинство со два члена,
- 63.000, 00 денари за домаќинство со три члена и

- 83.000,00 денари за домаќинство со четири и повеќе члена, не сметајќи го посебниот надоместок согласно Законот за социјалната заштита.

3. домаќинства со едно или повеќе деца со попреченост, корисници на посебен додаток до 26 години, согласно член 32 од Законот за заштита на децата, чиј вкупен нето доход кој подлежи на оданочување на месечно ниво согласно Законот за данокот на личен доход на членовите на домаќинството во 2025 година не го надминувал износот од:

- 45.000, 00 денари за домаќинство со два члена,
- 63.000, 00 денари за домаќинство со три члена и
- 83.000,00 денари за домаќинство со четири и повеќе члена, не сметајќи го посебниот додаток согласно Законот за заштита на децата.

4. згрижувач кој згрижува едно лице во своето семејство, корисник на надоместок за згрижување согласно член 123 од Законот за социјалната заштита, чиј вкупен нето доход кој подлежи на оданочување на месечно ни- во согласно Законот за данокот на личен доход на членовите на домаќинството во 2025 година не го надминувал износот од:

- 45.000, 00 денари за домаќинство со два члена,
- 63.000, 00 денари за домаќинство со три члена и
- 83.000,00 денари за домаќинство со четири и повеќе члена, не сметајќи го надоместокот за згрижување на едно лице.

5. згрижувач кој згрижува две лица во своето семеј- ство, корисник на надоместок за згрижување согласно член 123 од Законот за социјалната заштита, чиј вкупен нето доход кој подлежи на оданочување на месечно ни- во согласно Законот за данокот на личен доход на чле- новите на домаќинството во 2024 година не го надмину- вал износот од:

- 83.000, 00 денари за домаќинство со три члена и
- 103.000, 00 денари за домаќинство со четири и повеќе члена, не сметајќи го надоместокот за згрижување на едно или повеќе лица.

6. згрижувач кој згрижува три лица во своето семејство, корисник на надоместок за згрижување согласно член 123 од Законот за социјалната заштита, чиј вкупен нето доход кој подлежи на оданочување на месечно ни- во согласно Законот за данокот на личен доход на чле- новите на домаќинството во 2025 година не го надминувал износот од:

- 123.000, 00 денари за домаќинство со четири и повеќе члена, не сметајќи го надоместокот за згрижување на едно или повеќе лица.

7. згрижувач кој згрижува четири лица во своето семејство, корисник на надоместок за згрижување согласно член 123 од Законот за социјалната заштита, чиј вкупен нето доход кој подлежи на оданочување на месечно ниво согласно Законот за данокот на личен доход на членовите на домаќинството во 2025 година не го надминувал износот од:

- 143.000, 00 денари за домаќинство со пет и повеќе члена, не сметајќи го надоместокот за згрижување на едно или повеќе лица.

8. згрижувач кој згрижува пет лица во своето семејство, корисник на надоместок за згрижување согласно член 123 од Законот за социјалната заштита, чиј вкупен нето доход кој подлежи на оданочување на месечно ниво согласно Законот за данокот на личен доход на членовите на домаќинството во 2025 година не го надминувал износот од:

- 163.000, 00 денари за домаќинство со шест и повеќе члена, не сметајќи го надоместокот за згрижување на едно или повеќе лица.

(3) При пресметка на вкупниот доход на домаќинството кој подлежи на оданочување на месечно ниво согласно со законот за данок на личен доход, надоместокот заради попреченост, не се засметува при пресметката на вкупниот нето доход на домаќинството.
За ранлив потрошувач од став (2) точка 2 на овој член не се смета лице кое што го користи правото на цивилна или воена инвалиднина.
(4) За ранлив потрошувач од став (2) на овој член не се смета лице ако со решение на центарот за социјална работа подолго од 30 дена е сместено во установа за вон-семејна социјална заштита, згрижувачко семејство, организирано живеење со поддршка или во здравствена или друга установа за периодот додека трае сместувањето.
(5) Ранлив потрошувач на електрична енергија од став (2) точка 1 на овој член е лице или домаќинство кое што во 2025 година:
1. било снабдувано од снабдувач со обврска да обезбеди универзална услуга во снабдувањето со електрична енергија,
2. потрошувачката на електрична енергија на годишно ниво не надминала 3600 kWh и
3.потрошувачката на електрична енергија се мери преку еднофазно броило со номинална струја на осигурувач или на приклучен вод од 25А или трофазно броило со номинална струја на осигурувач или на приклучен вод од 16А.
(6) Ранлив потрошувач на природен гас од став (2) точка 1 на овој член е лице или домаќинство кое што во 2025 година:
1. било снабдувано од снабдувач со обврска да обезбеди јавна услуга во снабдувањето со природен гас и
2. потрошувачката на природен гас за месеците од октомври до март на годишно ниво не надминала 2251 kWh.
(7) Ранлив потрошувач на топлинска енергија е лице или домаќинство кое што ги исполнува условите од став (2) точка 1 на овој член.

Член 3

Директната финансиска поддршка во 2025 година се обезбедува за оние ранливи потрошувачи на енергија од член 2 став (2) точка 1 од оваа програма коишто остваруваат паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството согласно член 42 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23) и член 7 од Законот за социјална сигурност за старите лица („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 104/19).

Член 4

(1) Ранливите потрошувачи на енергија од член 2 став (2) точка 2 од оваа програма, се стекнуваат со финансиска поддршка преку намалување на месечната сметка за потрошена електрична енергија во износ од 1000,00 денари месечно, сметано од денот на поднесување на барањето од член 5 од оваа програма. Намалувањето на месечната сметка за потрошена електрична енергија го врши универзалниот снабдувач врз основа на добиени податоци од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини (во понатамошниот текст: Министерството).

(2) Доделувањето на финансиска поддршка од ставот (1) на овој член го врши Министерството преку селекција на пристигнатите барања од ранливите потрошувачи за секоја од категориите наведени во член 2 став (2) точка 2 од оваа програма, се до исцрпување на предвидените средства од член 9 став (2) од оваа програма.
(3) Финансиската поддршка од овој член се доделува на месечно ниво по корисник во времетраење од 12 месеци.

Член 5

(1) Реализацијата на финансиската поддршка од член 4 од оваа програма ќе се одвива на следниот начин:
- Министерството во месец февруари 2026 година ќе распише јавен оглас на веб страницата на Министерството www.energy.gov.mk и во два дневни весници со времетраење од 30 дена,
- барањето за искористување на финансиска поддршка се доставува на пополнет образец за барање кој може да се подигне во архивата на Министерството или да се обезбеди преку веб страницата на Министерството: www.energy.gov.mk и
- со барањето за искористување на финансиската поддршка се доставува и потребната документација наведена во јавниот оглас од алинеја 1 на овој став со која се докажува и исполнетоста на условите за финансиска поддршка од оваа програма.
(2) За спроведување на активностите за реализација на финансиската поддршка од член 4 од оваа програма, министерот за енергетика, рударство и минерални суровини (во понатамошниот текст: министерот) формира шест комисии, односно по една комисија составена од по три члена и нивни заменици од редот на вработените во Министерството, и тоа: една комисија за домаќинства во кое живее лице/лица со тешка или длабока интелектуална попреченост, една комисија за домаќинства во кое живее лице/лица со најтешка телесна попреченост, една комисија за домаќинства во кое живее потполно слепо лице и една комисија за домаќинства во кое живее потполно глуво лице.
(3) Комисиите од ставот (2) на овој член ги разгледуваат пристигнатите барања поднесени заклучно со последниот ден наведен во јавниот оглас, заедно со потребната документација и го утврдуваат точниот број на пристигнати уредни и комплетни барања. Согласно Законот за прибавување и размена на докази и податоци по службена должност и Законот за заштита на личните податоци (*), комисиите ќе побараат од Министерството за социјална политика, демографија и млади податоци дали одделни подносители на барањето се домаќинства се корисници на посебен додаток согласно согласно Законот за социјалната заштита.
(4) Лицата кои имаат поднесено барање, а немаат уредна и комплетна документација, неможе да стекнат финансиска поддршка.
(5) Комисиите од ставот (2) на овој член за лицата кои имаат поднесено уредна и комплетна документација, му предлагаат на министерот да донесе решение за стекнување финансиска поддршка. Списокот со лица кои се стекнале со финансиска поддршка согласно оваа програма, се објавува на веб страницата на Министерството.
(6) Министерството, податоците од решенијата во електронска форма ги доставува до универзалниот снабдувач со електрична енергија на месечна основа за сите корисници на финансиска поддршка и врши исплата за сите корисници на финансиска поддршка од членот 4 од оваа програма кон универзалниот снабдувач.
(7) Универзалниот снабдувач од став (6) на овој член сметано од денот на објавувањето на јавниот оглас, најдоцна до 15-ти во тековниот месец за претходниот пресметковен период

до Министерството доставува извештај за корисниците на финансиската поддршка со вклучени податоци од фактурите за потрошена електрична енергија во кои е засметана и финансиската поддршка за лицата кои се стекнале со финансиска подршка од оваа програма, како и информација за неплатените сметки на тие лица за претходните два месеца.
(8) Министерството и универзалниот снабдувач од став (6) на овој член меѓусебно соработуваат согласно склучен протокол за соработка, со кој подетално се уредува начинот на нивната соработка при спроведувањето на оваа програма.
(9) Корисникот на финансиската поддршка сметката за потрошена електрична енергија за претходниот месец ја плаќа во тековниот месец за преостанатиот дел од износот на сметката.
(10) Доколку корисникот на финансиска поддршка не плати последователно две сметки за потрошена електрична енергија, на предлог на Комисиите од став (2) на овој член, министерот донесува решение со кое се укинува решението за стекнување на финансиска поддршка и за истото се известува универзалниот снабдувач од став (6) на овој член.

Член 6

(1) Заради обезбедување на непрекината и квалитетна испорака на енергија до ранливите потрошувачи на енергија од член 2 став (2) точка 1 од оваа програма, од страна на операторот на системот за дистрибуција на енергија, во согласност со правилата за снабдување со соодветен вид на енергија и мрежните правила на дистрибуција на соодветен вид на енергија се преземаат следните мерки:
1. ослободување од обврска за плаќање на надоместок за повторно приклучување,
2. ослободување од обврска за плаќање на трошоци за вонредна верификација на мерната опрема,
3. изведба на стандарден приклучок за приклучување на станбениот објект на ранливиот потрошувач без надоместок,
4. приоритет при отстранување на дефекти со цел што е можно побрзо да се воспостави испораката на енергија кај оние ранливи потрошувачи на енергија кои го добиле статусот на ранлив потрошувач на енергија поради социјален ризик,
5. приоритет во одлучувањето по барањата за надоместок на штета поради прекини во испораката и испорака на енергија со послаб квалитет од пропишаниот,
6. приоритет во преземање на мерки за поправки и отстранување на недостатоци, отстранување на дефекти и вршење на ремонти со кои се доведуваат во технички исправна состојба делови од дистрибутивниот систем на кој се приклучени потрошувачите во оддалечени подрачја и
7. информирање на ранливите потрошувачи за нивното право да побараат користење на една или повеќе од мерките за заштита.
(2) Кон барањето за користење на една од мерките од став (1) на овој член ранливиот потрошувач на енергија до операторот на соодветниот дистрибутивен систем доставува потврда или решение издадено од Центарот за социјални работи дека е корисник на парично право на гарантирана минимална помош или социјална сигурност за старите лица.

Член 7

(1) Заради обезбедување на снабдување со енергија на ранливите потрошувачи од член 2 став (2) точка 1 од оваа програма од страна на снабдувачот со обврска за обезбедување на јавна услуга, односно универзална услуга во снабдувањето со енергија, во согласност со правилата за снабдување со соодветен вид на енергија се преземаат следните мерки:
1. неисклучување на ранлив потрошувач поради неплатени сметки за испорачана енергија во месеците декември, јануари и февруари, при што оваа мерка не се однесува на ранлив потрошувач во оддалечени подрачја запишани во евиденцијата за ранливи потрошувачи на енергија,
2. неисклучување на ранлив потрошувач на енергија поради неплатена сметка за испорачана енергија ако од рокот за доспеаност за плаќање на сметката не се поминати повеќе од 60 дена,
3. известување во писмена форма за планираното исклучување, најдоцна 40 дена пред исклучувањето,
4. можност за одложено плаќање на доспеаниот долг или реструктуирање на долгот и
5. информирање на ранливите потрошувачи на енергија за нивното право да побараат користење на една или повеќе од мерките за заштита.
(2) За користење на една од мерките од став (1) на овој член, ранливиот потрошувач на енергија доставува барање до снабдувачот. Кон барањето се доставува:
1. потврда или решение дека ранливиот потрошувач користи парично право на гарантирана минимална помош или социјална сигурност за старите лица и
2. платена сметка за енергија за месецот што му претходи на месецот во кој се доставува барањето која гласи на име на ранливиот потрошувач, од којашто може да се утврди дека барателот е приклучен на мрежата за дистрибуција на електрична енергија, природен гас или топлинска енергија.

Член 8

Надлежни органи за спроведување на оваа програма се:
- Министерството за социјална политика, демографија и млади за мерките од член 3 од оваа програма согласно Законот за социјалната заштита,
- Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини за мерките од член 4 од оваа програма и
- Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија за мерките од членовите 6 и 7 од оваа програма согласно Правилата за снабдување со соодветниот тип на енергија.

Член 9

(1) За спроведување на оваа програма, дел од средствата во износ од 56.000.000,00 денари се обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, Раздел 10101-Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Потпрограма 32 – Развој на енергетиката, Ставка 464 – Разни трансфери, наменети за финансиска поддршка на ранливи потрошувачи на енергија.

(2) Средствата предвидени за финансиската поддршка од ставот (1) на овој член, Министерството ќе ги распредели на следниот начин:

- 7. 000. 000,00 денари од вкупните средствата ќе бидат наменети за домаќинства во кое живее лице/лица со тешка или длабока интелектуална попреченост,
- 7. 000. 000,00 денари од вкупните средствата ќе бидат наменети за домаќинства во кое живее лице/лица со најтешка телесна попреченост,
- 12.000.000,00 денари од вкупните средства ќе бидат наменети за домаќинства во кое живее потполно слепо лице,
- 16.000.000,00 денари од вкупните средства ќе бидат наменети за домаќинства во кое живее едно или повеќе деца со попреченост,
- 7. 000. 000,00 денари од вкупните средствата ќе бидат наменети за домаќинства кое згрижува од едно до пет лица во своето семејство и
- 7. 000. 000,00 денари од вкупните средствата ќе бидат наменети за домаќинства во кое живее потполно глуво лице.

(3) Дел од планираните средства се обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, Раздел 15001 Министерство за социјална политика, демографија и млади, Потпрограма 50 - Надоместоци за социјална заштита, Ставка 471 - Социјални надоместоци во Програмата за остварување на социјална заштита за 2025 година, кои се планирани за остварување на социјални надоместоци - гарантирана минимална помош и парична помош за социјална сигурност за старите лица.

(4) За реализација на финансиската подршка од член Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 34/25 и 154/25), средствата во износ од 4.000.000,00 денари се обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, Раздел 10101-Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Потпрограма 32–Развој на енергетиката, Ставка 464 – Разни трансфери.

Член 10

Министерството до 31 јануари 2027 година, доставува извештај до Владата на Република Северна Македонија со показатели за реализација на оваа програма, во кој ќе бидат опфатени постигнатите резултати, како и образложение за евентуални отстапувања од планираните активности.

Член 11

Со денот на влегувањето во сила на оваа програма престанува да важи Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 34/25).

Член 12

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.
2025 година
Скопје

Претседател на Владата на Република
Северна Македонија,
проф. д-р Христијан Мицкоски

**Образложение**

Согласно член 15 став (2) од Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 236/22, 134/24 и 147/24) Владата до крајот на тековната година, на предлог на Министерството, а по претходно мислење од министерството надлежно за работите од областа на социјалната заштита и Регулаторната комисија за енергетика донесува Програма за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за наредната година со којашто се спроведуваат мерките утврдени со уредбата од ставот (1) на овој член и потребните средства и извори за финансирање на нивното спроведување.
Во Законот за енергетика се определува донесување на методологија преку која се определуваат влезните параметри за определување на категориите на ранливите потрошувачи на енергија. Оваа методологија е предвидена како мерка и во Реформската агенда на барање на Европската Комисија. Методологијата за мерење на нивото на енергетската сиромаштија беше усвоена и донесена на 18.09.2025 година од Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини со арх. бр. 08-2830/7 и е јавно објавена на веб-страницата на Министерството. Согласно Методологијата, домаќинство кое живее во енергетска сиромаштија претставува домаќинство чиј приход, по подмирувањето на трошоците за енергенси, паѓа под официјално утврдениот праг на сиромаштија. Таквото домаќинство се смета за енергетски сиромашно. За целите за справување со енергетската сиромаштија се предлага донесување на оваа Програма.

Со оваа програма се дефинираат потрошувачите кои спаѓаат во оваа категорија, мерките за заштита кои се превземаат, начините за реализација на мерките, мерките што ги преземаат операторите на системите за дистрибуција на енергија, мерките што ги преземаат снабдувачите со обврска за обезбедување на јавна услуга, односно универзална услуга во снабдувањето со енергија, и потребните средства и извори за финансирање.
Според Програмата, „Ранлив потрошувач’’ е домаќинство коешто користи гарантирана минимална помош и остварува паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството во согласност со член 42 од Законот за социјална заштита и во коешто живее лице во состојба на социјален ризик (мајчинство, болест, старост, повреда и попреченост) на коешто снабдувањето со енергија и/или правото за користење на мрежата му се дава по посебни услови и начин утврдени во правилата за снабдување со одделен вид на енергија. Ранлив потрошувач на електрична енергија, природен гас и топлинска енергија е потрошувач кој покрај претходно наведеното дополнително ги исполнува и условите: е снабдуван од снабдувач со обврска да обезбеди универзална услуга во снабдувањето со електрична енергија, потрошувачката на електрична енергија на годишно ниво не надминува 3600 kWh и електричната енергија не ја користи за греење, потрошувачката на електрична енергија се мери преку еднофазно броило со номинална струја на осигурувач или на приклучен вод од 25 А или трофазно броило со номинална струја на осигурувач или на приклучен вод од 16 (А) за потрошувач на електрична енергија и е снабдувано од снабдувач со обврска да обезбеди јавна услуга во снабдувањето со природен гас и потрошувачката на природен гас за месеците од октомври до март на годишно ниво не надминува 2251 kWh за потрошувач на природен гас.

Според Програмата, Надоместок заради попреченост може да оствари лице со навршени 26 години возраст, а се користи без оглед на старосната возраст на корисникот.
Надоместок заради попреченост не може да оствари лице кое што го користи правото на цивилна или воена инвалиднина. Лицата со тешка или длабока интелектуална попреченост остваруваат право на надоместок заради попреченост, врз основа на траен наод, оцена и мислење за видот и степенот на попреченост издаден од стручен орган.
Корисникот на надоместокот заради попреченост може по сопствен избор да користи услуга од овластен давател на услуга во домот и во заедницата.
Според програмата Правото на додаток за глувост се обезбедува за тотално глуво лице со навршени 26 години коешто има потполно згасната слушна перцепција и истото не може да ги задоволи своите животни потреби без толкувач на знаковен јазик.
Правото на додаток за глувост се остварува врз основа на конзилијарно мислење и наод од најмалку тројца лекари специјалисти од соодветните специјалности од терцијарна здравствена установа.
Според Програма, Правото на додаток за слепило се обезбедува за потполно слепо лице односно лице кај кое што постои оштетување на видот од 98% до 100%, со навршени 26 години. Правото на додаток за слепило се остварува од денот на поднесување на барањето, врз основа на конзилијарно мислење и наод од најмалку тројца лекари специјалисти од соодветните специјалности од терцијарна здравствена установа

За заштита на ранливите потрошувачи се превземаат следните мерки:
**- Директна финансиска поддршка на ранливи потрошувачи на енергија** - директната финансиска поддршка се користи како паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството во месеците од октомври до март.
**- Финансиска поддршка за** домаќинства со деца со попреченост, корисници на посебен надоместок чиј вкупен нето доход кој подлежи на оданочување согласно Законот за данок на личен доход на членовите на домаќинството во 2025 година не го наминувал износот од:

- 30.000,00 денари за едночлено домаќинство,
- 45.000, 00 денари за домаќинство со два члена,
- 63.000, 00 денари за домаќинство со три члена  и
- 83.000,00 денари за домаќинство со четири и повеќе члена, не сметајќи го посебниот надоместок согласно Законот за социјалната заштита.

Според член 28  од Директивата за внатрешен пазар на енергија:
„Земјите членки преземаат соодветни мерки за заштита на купувачите и обезбедуваат, особено, дека постојат соодветни заштитни мерки за заштита на ранливите клиенти. Во овој контекст, секоја земја членка го дефинира концептот на ранливи купувачи што може да се однесува на енергетска сиромаштија и, меѓу другото, и на забрана за исклучување на електрична енергија на такви потрошувачи во критични периоди. Концептот на ранливи купувачи може да вклучува нивоа на приход, учество на потрошувачката на енергија во расположливиот приход, енергетска ефикасност на домовите, критична зависност од електрична опрема од здравствени причини, возраст или други критериуми. Земјите членки обезбедуваат дека се применуваат правата и обврските поврзани со ранливите клиенти. Особено, тие преземаат мерки за заштита на купувачите во оддалечените области. Тие обезбедуваат високи нивоа на заштита на потрошувачите, особено во однос на

транспарентноста во однос на општите договорни услови, општите информации и механизмите за решавање спорови. За Ранливите потрошувачи коишто користат гарантирана минимална помош и остваруваат паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството истовремено согласно оваа програма се преземаат следните мерки и тоа:

**- Мерки што ги презема операторот на системот за дистрибуција на енергија –** се **1.**ослободување од обврските за плаќање на надоместок за повторно приклучување, 2.трошоците за вонредна верификација на мерната опрема, 3. изведбата на стандарден приклучок за приклучување на станбениот објект на ранливиот потрошувач без надоместок, 4.приоритет при отстранување на дефекти и надоместок на штета поради прекини, 5.приоритет во преземање на мерки за поправки и отстранување на недостатоци, 6. информирање на ранливите потрошувачи за правото да побараат користење на мерките. По однос на предлог мерките под 1, 2 и 3 погоре, Регулаторната Комисија за енергетика истакнува дека треба да се преоцени на чиј товар ќе бидат овие мерки од програмата, односно на товар на операторот на дистрибутивниот систем или на сите останати потрошувачи на електрична енергија, и за претходното е потребно да се направи детална анализа со цел Комисијата да ги алоцира овие трошоци на сметка на добивката на операторот на дистрибутивниот систем. Имајќи го во предвид претходното сметаме дека новиот Закон за енергетика кој се очекува наскоро да биде усвоен да ги земе во предвид уредувањето на прашањето за соодветна алокација на овие трошоци.

**- Мерки што ги презема снабдувачот со обврска за обезбедување на јавна услуга, односно универзална услуга во снабдувањето со енергија -** неисклучување на ранлив потрошувач поради неплатени сметки за испорачана енергија во месеците декември, јануари и февруари, неисклучување ако од рокот за доспеаност за плаќање на сметката не се поминати повеќе од 60 дена, известување во писмена форма за планираното исклучување најдоцна 40 дена пред исклучувањето, можност за одложено плаќање на доспеаниот долг или реструктуирање на долгот

За спроведување на оваа Програма средствата во износ од 56.000.000,00 денари се обезбедени во Буџетот на Република Македонија за 2026 година, потпрограма 32 – Развој на енергетиката, ставка 464 – Разни трансфери, а за претходната програма 4.000.000, 00 денари ќе бидат употребени за домачинства со деца со попреченост и згрижувачки семејства.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.